Јосип ЛУЧИЌ

# РЕФЕУДАЛИЗАЦИЈАТА ВО ХРВАТСКА И НЕЈЗИНИОТ ОДРАЗ ВО ДУБРОВНИК

## (Дубровнички пропис за селаните од 1574)

Овој прилог со задоволство му го посветувам на академикот и универзитетскиот професор д-р Стјепан Антолјак, кој во 1956 година ја објави книгата „Буни на пучаните и селаните во Хрватска", најсистематскиот приказ на селскиот и пучанскиот отпор.

## I

Во источна и дел од средна Европа до 1520 преовладувала парична рента во аграрно-производствените односи со кои селаните ги признавале стопанската и политичката зависност на господарот на земјата, односно својот феудалец. Паричната рента предизвикала силно и насекаде присутно селанско вклучување и делување во стоковно-паричното стопанство, првенствено во трговијата и, речиси потполната лична слобода на трудот и движењето.

Од 1520 година почнува пресвртот на феудалните господари спрема потчинетите селани. „Револуцијата на цените", предизвикана со приливот на големите количини на сребро и злато од Америка и од Европа, ја обезбедила реалната вредност на парите, а со тоа и на паричните ренти. Цената на земјоделските производи одеднаш се покачила. Поради тоа извозот на житариците на запад бил високо рентабилен и конјуктурен. Феудалците, заради тоа, бараат и вршат замена на паричната рента за натурална, која некогаш преовладувала. Го зголемуваат данокот и тиранијата. Селанецот повторно го врзуваат за земјата за да добијат што повеќе земјоделски производи. Тоа се вика второ кметство или дефеудализација која почнува во XVI, а се утврдува во XVII век.

Феудалците во Хрватска влегуваат во тој тренд на светската трговија: ги продаваат земјоделските производи. Преку трговијата се здобиваат со пари. На тој начин ги надокнадуваат загубите кои им ги нанесува паричната рента со својата безвредност. Се вовлекуваат во трговски изворни работи, па преземаат во најголем дел, речиси монополистички, ја снабдуваат војската со вино и со жито, Воената краина и други пазари. Заедно со тоа го наметнуваат и правото на првокупувачи. Насилно, ефтино купуваат од селаните земјоделски производи, кои скапо ги продаваат. Црквената десетина се претвора исто така од парична во натурална давачка. Натуралната продажба станува највредниот дел од феудалната рента, бидејќи го овозможува постојаното притискање на парите.

Поради тие промени селанецот тешко доаѓа до пари. Феудалците — по пат на натурална рента, првокупот и другите натурални давачки — стегаат, поправо му оневозможуваат да располага со вишоци кои ќе можат да ги продадат, да се занимава со трговија. Трговијата, како конјуктурна работа, сега не беше достапна на селаните како во XV и поранешните векови. Влошувањето на селското стопанство, а со тоа и општествената положба, предизвикува продлабочување на класната борба, се до познатите европски и наши селански буни.[1])

## II

Во Дубровничката Република во аграрно-производствените односи постојат определени посебности.

Најјакиот поседнички, земјопоседнички сталеж е аристократијата. Поседуваат над 80% од обработливото земјиште на тлото на републиката. Останатиот процент го делат граѓаните, нешто малку црквата и самостојни, поедини земјопоседници (занаетчии, трговци, селани и други пучани), и општината. Земјата, начелно е државна, и таа се дава на уживање на корисниците, кои смеат да ја оттуѓат само со дозвола на Великиот совет. Овие посебности се однесуваат на аристократијата во црквата. Наспроти тоа што „dominium directum" ѝ припаѓа на државата, поправо Големиот совет, „dominum utile" е таков така што корисникот — властелин, пучанин и сл. — во обработката на земјата постапува како со своја сопственост.

Поседот начелно се дели на два дела: алод, кој во Дубровник се вика царина, и дел кој што му се дава на селанецот, на непосредниот обработувач во закуп. Малите парчиња — сопствениците ги обработуваат сами. Од тој облик на поседот произлегуваат и производствените односи.

---

[1]) Спор. J. Adamček, Agrarni odnosi u Hrvatskoj od sredine XV do kraja XVII stoljeća. Zagreb 1980, 216—231, 330—382, 488 i passim.

Најраширениот облик на аграрно-производствените односи е исполицата. Селанецот ја зема земјата на обработување со тоа што дава половина, а може да биде и подруга квота, принос на земјосопственикот. Некој пат покрај тоа дава и посебни подароци. Тоа е натуралистички закуп.

Закупот може да биде и паричен. Непосредниот обработувач му дава на земјосопственикот одреден паричен износ годишно. А покрај тоа може да има некоја обврска да даде и подароци.

Ако земјосопственикот му ја дал на селанецот куќата и златка земја (златка изнесува 1678 м$^2$) за окуќнина и слободна употреба, непосредниот производител, за возврат, бил должен да работи одреден број на денови на царина, а бидејќи ужива на окуќнината да ѝ дава вообичаени дарови во натура (јариња, јајца, кокошки, свинска глава и сл.) и да обавува определена лична служба. Таков селанец во Дубровник се вика кмет. Кметството во XVI век не било особено развиено: натуралниот закуп на половина (ad medietatem), паричниот закуп (od affictum) и кметството, кое во Дубровник се вика и кметинство.

Закупникот и кметот лично се слободни (libera migratio), смеат да ја напуштат земјата и господарот (не се glebae adscripti), не потпаѓаат под надворешно економско присилување, ниту под јурисдикцијата на сопственикот. За време на преземањето на работата се склучува меѓусебен договор кај нотарот. Кога ќе ја напуштат земјата, сопственикот е должен да го плати подобрувањето (melioramenta). Постоеа и општински селани. Тоа се оние, кои од државата добиле земја, а за возврат обавувале војничка служба, стража. Освен нив живееле малобројни слободни селани, ситни земјосопственици со своите мали делови што ги обработуваат. Така и пучаните биле ситни поседници.[2])

Во XVI век доминира исполицата и паричниот закуп во аграрот. Селаните го користеа правото на напуштање на земјата. Се занимаваа со трговија, поморство, занаетчиство, лихварство и други стопански и нестопански дејности во својот крај, а најмногу во Дубровник, но и надвор од својата држава. Ќе изнесеме само неколку типични примери.

Во нотарските книги се гледа дека селаните се сопственици на бродови, односно делови на брод (карат). Помеѓу останатите некои потекнуваат од Лопуд, Шипан, Слан.[3]) Поединци се морна-

---

2) Сп. A. degl' Ivellio, Saggio d'uno studio storico-critico sulla colonia e sul contadinaggio nel territorio di Ragusa. Ragusa 1873. — D. Roller, Agrarno-proizvodni odnosi na području Dubrovačke Republike od XIII. do XV stoljeća. Zagreb 1955. — J. Lučić, Agrarno-proizvodstveni odnosi u okolici Dubrovnika. Zgodovinski časopis XXII, 1968, sv. 1—2, str. 61—96.

3) Во 1569 година на Лопуд се спомнува Joannes Vicenti de Barthоlo de Insula Media i Michael Viti Angelouich . . ., ambo patroni navium. Истата година Johannes Antonii Lesina de Giupane e patronis navis. — Paolo Gio-

ри (nautae, marinarii navis) од Лопуд, Врбица, Оброва.[4]) Поединци од Лопуд и Слан се занимаваат со производство на пари. Продаваат ѓубре.[5]) Се примаат во служба како слуги кај поедините трговци, како на пример младинци од Конавала, Приморје, Орашца итн.[6]) Во Дубровник имало различни занаетчии: крзнари, кожари, столари, ковачи, бербери, клесачи, бомбардери, клобучари, кројачи, месари, златари, стаклари, бочвари, ѕидари, сликари итн.[8]) Во најголем дел се со потекло од селски родители од дубровничкиот крај.

Слободата на движењето на селаните и занимавањето со другите работи освен со земјоделие, сточарство, овоштарство и сл., било можно, бидејќи земјоделието не секаде и секогаш можело да ги прехрани селските родители. Обврските пак спрема земјопоседниците можеле да се подмират така да еден член од домаќинството остане дома и ја обработува земјата со помош на сопругата, па и децата. Се случувало вдовиците да го пренесат своето закупничко право на зетот или на друго лице со тоа да ја дохрани и преземе нејзината обврска спрема земјопоседникот.[9]) Во поедините прилики непосредниот обработувач би можел да ја купи земјата.[10]) Кога селанецот ја напуштил земјата, редовно во договор со сопственикот добивал оштета за доброто што го направил.[11])

Личната и господската слобода што земјопоседниците ја давале а непосредните обработувачи, закупници и кметови ја пол-

---

vanni Bernardi de Isola da Mezzo порачува изградба на брод со носивост од 350 кара. Тој учествува со 12 карати. — во 1573 година Georgius Blasii de Slano е „patronus schirati". Спор. Diversa notariae 118, fol. 50' 55', 63', 200. Сите архивски серии се од Историскиот архив во Дубровник.

4) ib. 41', 64, 69. — Diversa cancellariae 159, 11'.

5) Div. not. 118, 68, 69'.

6) На пр. селанец од Шипан, ib. 69.

7) ib. 65, 185, 193'.

8) Div. not. 118 passim (се однесува на периодот од 1569 до 1573 година). За трговијата, в.: D. Roller, Dubrovački zanaeti u XV, i XVI. stoljeću. Zagreb 1951. — За ткаењето, D. Dinić — Knežević, Tkanine u privredi srednjovekovnog Dubrovnika. Beograd 1982. — За стакларството, V. Han, Tri veka dubrovačkog staklarstva (XIV—XV vek) Beograd 1981.

9) Div. canc. 159, 20 — Div not. 118, 34', 35', 183.

10) На пр. Petar Luce de Lucaris во 1575 година му платил одеднаш на земјопоседникот 300 дукати во злато во име на паричниот закуп и земјата станала негова. Div. not 119, 154. — Или на пр. Johannes Antonii Lesina de Giupana во 1569 година платил однапред паричен закуп (ad affictum)... semper uire pensionis affictus seu Liuelii grossos triginta за време од 2000 години. Div. not. 118, 63. Очигледно е дека со тоа плаќање на земјата де факто помина во рацете на оној кој однапред го исплати целиот долгогодишен закуп.

11) Така на пр. ја обработувале земјата во манастирот Св. Шимун во Жупа и во 1571 година во име на наплата примиле подобрување „melioramentorum possessionum videlicet vinearum et hortorum" 185 перпери. Div. not. 118, 23.

зувале, е последица на благосостојбата што Дубровник во тоа време ја уживал. Освен тоа, на аристократијата, граѓаните и пучаните им одговарала таа слобода. Работната сила од селото доаѓаше на бродови, трговија, занаетчиство и останатите градски дејности, без кое не би имало економски напредок за аристократијата во градот во целина. Посебно голем број млади селани оделе како слуги на трговците и како „мали" морнари на бродови, и како слуги и слугинки по куќите и домаќинствата.

Меѓутоа, во XV век почнува стопанското назадување на Дубровник. „Револуцијата и цените" ја поткопувале економската и финансиската моќ на аристократијата, дотогаш најјакиот господарско-имотен фактор во републиката.

Откривањето на Америка и новите земји ја преместуваа дотогаш светската трговија од средоземниот басен на Атлантикот и другите океани и насоки. Средоземните пристаништа, меѓу нив и Дубровник, го губат своето светско историско трговско значење.

Поразите и повлекувањето на Турците од широката балканска заедница, подунавјето и посавина ја слабееле дубровничката посредничка трговија, која полека гасне, барем што се однесува на копнената ангажираност. Во 1590 година Венеција ја отвора скелата во Сплит. Копнената трговија во многу го заобиколува Дубровник и скршнува во Сплит.

Продирањето на новите сили на Франција, Холандија и Англија во Средоземјето ја разби привилегијата на трговскиот монопол на Дубровчаните кои уживаа во Османлиското царство, посебно на Левант. Истовремено Шпанија, стогодишниот заштитник на Дубровник во западната сфера, слегува од тронот на светска велесила.

Аристократијата, сталежот, па и класата која владее, политички и стопански ги насочува токовите на Дубровничката Република, полека ги губи своето историско значење и улога. Се појавува и израснува граѓанската класа која со своето богатство и стопанска активност го достигнува нивото на аристократијата. Наспроти тоа не се поставува прашањето за промената на власта и општествено-политичкото уредување.

Аристократијата од крајот на XVI век, а посебно во XVII и XVIII век обрнуваат поголемо внимание на земјишниот посед, да ги надокнадат трговските, поморските — превозните, бродосопственичките и другите парични загуби. Настојуваат од земјата, од поседот да се извлече што повеќе корист. Тие и понатаму ја даваат земјата на обработка на исполица и со паричен закуп. Меѓутоа, заедно со тоа на селанецот му даваат и куќа и окуќнина за да стане нивен кмет (villicus). Селанецот тогаш се обврзува не само дека ќе дава дел од плодина (или пари) на господарот, туку дека ќе објави и становиште на личната служба (servitia personalia

quae secundum consuetudinen vilici patronis praestare soleut).[12]) Тоа навистина се случувало и во поранешните векови.

Аристократијата — земјопоседници гледаат дека им е поголема ползата земјата да ја претворат во алод, царина бидејќи тогаш не мораат да го делат плодинот со селанецот. Со тоа почнале на селаните да им ја одземаат земјата која ја обработувале под закуп, ја проширувале царината и ги присилувале на нив да работат како кметови. Значи, скапиот земјоделски принос во што поголема количина му припаѓа на земјопоседникот. Кога владата видела дека оваа практика се шири на Пељешац и Стон, во 1568 година донесла строг закон со кој на сите им се забранува да ја држат земјата на Пељешац и Стон како царина, алод. Мора да се дава на исполица. Тоа влегло и во законската книга „Liber croceus".[13])

Неколку години подоцна, сепак, Советот на замолените (Сенатот) изгласува со поголем број на гласови на 9 декември 1574 година одредба дека селаните не смеат, освен кога ќе им се дозволи, да ја напуштат земјата за да отидат да се бават со поморство под образложение земјата да остане пуста и необработена. Навистина, одредбата не е внесена во „Liber croceus", ниту ја изгласало. Великиот совет па не добила сила на закон. Наспроти тоа интересно е што на селаните така им се забранува да ја напуштат земјата заради поморството. Одредбата досега не е објавена, па ја поместуваме во прилог. Таа е очигледен одраз на новите рефеудалистички прилики во Хрватска.

„IX noumbre 1574. Essendo stato imposto alli Signori Proueditori della Citta nell' Eccellentissimo Consiglio di Pregati, che debbano ripostar il parer loro, come gli patroni delle Naui si asteneriano di leuare dal Territorio nostro gli villani dei Nobili et degli Cittadini nostri per concurli con le naui loro, per mancamento dei qualli villani si uede, che le possessioni di detti nostri nobili et cittadini sono restate infrutuose, non essendo sufficiente cultiuate, et à loro e causato grandissimo danno, però pare alli detti Signori Proueditori che si debba fare infrascritto prouisione.

Che sia prohibito a ciascun patrone di naue et di nauiglio, et à qualunque officiale ò marinaro, ò altra persona Ragugea, ò forestiere, che non ardishino menare dal territorio nostro, ne tam poco della città nostra alcuno vilano, il quale prima non hauesse nauegato, ne per garzone, ne per marinaro, senza espressa licenza dell' eccelentissimo Consiglio di Pregati. Se bene anche il patrone di detto vilano fosse consentiente, sotto la pena di ducati d'oro trecento al tale per ogni vilano che leuasse. Et chi non potesse pagare la detta pena, che siano dati tre tratti corda, et che stia sei mesi in prigione. Et al detto vilano, il quale andasse con detta

---

12) Пример од 1572 година. Div. not. 119, 150. — Или „quod ultra dictum affictum teneantur praestare servitia personalia dictis reverendis monacis prout vilici sius dominis ex consuetidine contratae" ib. 151—151'.

13) Ivellio, n. dj. 56.

naue ò nauiglio, et al suo padre, ò altro parente che fosse consentiente, di perder i loro miglioramente et di stare sei mesi in prigione. Li quali miglioramenti et di stare sei mesi in prigione. Li quali meglioramenti debbano aplicare al patrone della possessione.

Che il padre non consentiente, et in mancamento del padre, la madre et li fratelli, che col tal vilano habitassero et fussero di età legitima, siano tenuti acusarlo quando andasse à nauegare. Et il nome del patrone di naue ò di nauiglio, col quale fosse andato, al patrone della possessione, el al Magnifico Signor Rettore et suo Consiglio sotto la sudetta pena al detto padre, madre et fratelli di perder li miglioramenti loro, et di star sei mesi in prigione.

Che il patrone del vilano, il quale fosse andato a nauegare, debba medisamente tal suo vilano acusare al Magnifico Signor Rettore et suo Consiglio, se della partenza hauera hauuto notitia, sotto la pena di ducati d'oro cento. Et se il detto patrone fosse consentiente, che il detto suo vilano andasse à nauegare incorra nella pena di ducati d'oro trecente.

Che chiunque acussase li patroni tainto della naui et nauigli, et altre persone, quanto li patroni di vilani contrafacienti, et par la sua accusa si trouasse la uerità, debba hauere dela pena pecuniaria un terzo, la qual accusa debba fare al Magnifico Signor Rettore et suo Consiglio, o uero alli Signori giudici del Criminale, come gli parera meglio. Il quale Magnifico Signor Rettore et suo Consiglio, et detti Signori Giudici, debbano ponere nella detta pena essi patroni, et altre persone contrafacienti al libro della cassa, della qual pena habinno hauer un terzo per loro prouisione.

Che occorendo che qualche garzone, ò marinaro, il quale contra la forma del presente prouidimento fosse andato à nauegare, et poi acusasse il patrone della naue, ò nauiglio, il quale l'hauesse menato seco, et ciò prouasse, che esso patrone sia tenuto et debba pagar a lui ducati d'oro cento, oltra la pena sudetta.

Che nessuno marnaro Ragugeo adrisca nauegare con le naui forestiere sotto la pena di ducati d'oro cento.

Hoc autem prouedimentum etc"[14])

## IV

Рефеудализацијата во Хрватска се одразила во Дубровник на посебен начин. Во Дубровник не се одело на тоа да се спречи трговијата (освен да се оди во морнари), ниту аристократот — земјопоседник го проширува алодот, царината првенствено добивајќи скапи земјоделски производи единствено затоа да би ги продавале и единствено од тоа да живеат, ниту се земал првокуп, ниту се организирале селански права, ниту се менувала паричната нату-

[14]) Consilium rogatorum 62, fol. 295' — 297.

рална рента, ниту тоа значело осиромашување на селанецот, богатење на феудалецот (властелинот) во оваа мерка како тоа да било во Хрватска.

Навистина, во Дубровник се засилило вниманието на аристократијата и интересот за земјата. Не заради негово зајакнување како земјопоседник, бидејќи тој со столетија е најјак, ниту како трговец, бидејќи речиси тргува од секогаш, туку затоа бидејќи полека осиромашува во поморството и трговијата. Во земјата, земјоделските приноси (но и во паричниот закуп) наоѓаат дополнување на приходите на својата егзистенција и во полесен, поудобен живот. Рефеудализацијата во Хрватска и помага на својата нова политика спрема селанецот одлично да ја примени и оправда. Наспроти одредбите царината алод да не смее да се шири, властелинот во XVII, а поправо во XVIII и почетокот на XIX век ќе бара се поголем притисок угнетување. Така на пр. во 1715 година притисокот изнесуваше 75 дена — што не е забележано во поранешните векови, — а во 1800 година ќе се зацврсти на 90 дена.

Рефеудализацијата во Хрватска значи во Дубровничката Република се одразила на проширувањето на алодот и зголемувањето на притисокот за да може властелинот — поради намалувањето на приходите во поморството и трговијата — полесно да преживее (поготово некои властелински родови во XVIII и XIX век). Наспроти тие мерки селанецот ја задржал личната и економската слобода и можноста да се откупи и извлече од својата положба и од властелинот — земјопоседник да ја купи земјата во моментот кога властелинот нема доволно пари. Затоа и нема — се до Конавовската буна од 1799 до 1800 година — селски движења и побуни во Дубровник. Властелинот полека отстапува пред богатството на граѓанската класа. Но ниту таа нема да постапи спрема селаните поинаку, иако ниту од далеку нема толку земја како аристократијата.

Превел од хрватскосрпски јазик
Благој СТОИЧОВСКИ

Josip LUČIĆ

## REFEUDALISATION IN CROATIA AND ITS REFLECTION IN DUBROVNIK (THE DUBROVNIK NOTEBOOK ABOUT THE PEASANTS FROM 1574)

Summary

The author points out that the refeudalisation, which took the eastern and a part of Middle Europe, and Croatia from the XVI century onwards had a reflection in Dubrovnik. The feudals-landowners expanded their lands, which in Dubrovnik is called

customs and increased the pressure, especially in the XIII century and the beginning of the XIX century. The author is publishing a document from 1574 where it could be seen that the feudals tended to keep the peasants to cultivate the land not to go to the navigation. But it was not done according to regulations. Moreover, the refeudalisation in Croatia did not cause social peasant's movements in Dubrovnik, excluding the rebelion in Konovlin in 1799 up to 1800, as the peasants in Dubrovnik kept the freedom of their movement (libera migration), they were not tied up with the land (glebae adscripti), they did not belong to jurisdiction of the feudals. They could ransom themselves, possess land, and be engaged in all human business: trade, navigation, turnover of capital, and the like.